РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1904/2
10-11-2021 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 54-та седница одржано на ден 02.11.2021 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-1904/1 од 17.05.2021 година доставена до ДКСК од непознат подносител **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека нема надлежност за постапување од причина што пријавата не содржи наводи или укажувања за незаконитости или недозволиви дејствија на службени лица при вршење на јавни овластувања и службена должност, а воедно граѓанската иницијатива била доставена до други надлежни органи.

Предметот по пријавата со број 12-1904/1 од 17.05.2021 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на непознат подносител, група засегнати граѓани, на ден 17.05.2021 година, поднесена е пријава / граѓанска иницијатива со петиција, за оспорување на ДУП за урбан блок 81, Тетово.

Пријавата/иницијативата е насловена до повеќе институции во РСМ, и на истата граѓанска иницијатива со петиција за оспорување на ДУП за урбан блок 81, Тетово, се потпишани 59 физички лица. Во доставената граѓанска иницијатива се наведува дека спротивно на светските начела за пристоен и хуман живот, пропишани и во членот 8 и 38 од Уставот на РСМ, во Општина Тетово за скоро ќе се отпочнело со постапка за издавање на одбрение за градење на објект - повеќесемејна зграда на локација која била предвидена со наведениот ДУП, а подносителите на иницијативата, како засегната страна во случајот, со потпишаната петиција бараат да бидт разгледани нивните барања по однос на предметната градба и да им се достават одговори од институциите до кои ја доставиле наведената иницијатива.

При разгледувањето на предметната пријава/иницијатива, ДКСК констатира дека истата не содржи наводи или укажувања за незаконитости или недозволиви дејствија на службени лица при вршење на јавни овластувања и службена должност, а граѓанската иницијатива поштишана од засегнатите граѓани била доставена до други надлежни органи, по што оцени дека нема надлежност за постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: К.Н., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk